Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-684/1

Датум 05. 02. 2020

## ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО ОХРИД

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 13.12.2019 година (петок) во 14.20 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 07.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд во Охрид.

Претходно, со писмо бр. 02-1034/3 од 31.10.2019 година доставено до Основниот суд во Охрид беше најавен претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот Милчо Клишески.

Претседателот на судот истакна, дека во судот има вкупно 86 вработени од кои 15 судии заедно со претседателот на судот, од кои 1 судија користи породилно боледување, 1 судски администратор, стручни судски службеници 13, помошно стручни судски службеници 49, судска полиција 5 и технички и помошен кадар 3. Претседателот на судот истакна, дека по систематизација се предвидени вкупно 148 работни места, од кои 18 судии, и дека има недостиг од кадар на судии, од причина што испразнетите судиски места не се пополнети. Во тек е постапката по распишан оглас за избор на 1 судија и оглас за избор на претседател на судот, од причина што на 22.12.2019 година на Претседателот на судот му истекува мандатот.

Основниот суд во Охрид е сместен во зграда во која се сместени и канцелариите на Основното јавно обвинителство Охрид и на Државното правобранителство Охрид кои просториите на судот ги користат бесплатно, а сите тековни трошоци (струја, парно, вода, судска полиција) се на товар на судот.

Претседателот на судот истакна, дека архивата редовно се средува, односно секоја година се излачуваат предметите кои се за поништување и истите се ништат по претходно добиена согласност од Државниот архив на РСМ. Во однос на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

чувањето на трајната архивска граѓа Претседателот на судот наведе, дека секоја година истата ја предаваат во Државниот архив на РСМ.

Во однос на оставинските предмети, беше истакнато, дека во Охрид има 7 (седум) нотари. Распределбата на оставинските предметите на нотарите, судот ја врши рамномерно по азбучен редослед на презимињата на нотарите, како што е утврдено со Распоредот за работа на Основниот суд Охрид. Но, од страна на судот е констатирано незадоволително сработување на оставинските предмети кое се должело на тоа што голем дел од граѓаните се иселени во странство. Во Основниот суд во Охрид има голем заостаток на нерешени оставински предмети, односно од вкупно 4370 нерешени предмети, 993 предмети се оставински предмети. Беше истакнато, дека во АКМИС-от нема софтверска можност за автоматска распределба на оставинските предмети на нотарите.

***ПРЕПОРАКА: Во АКМИС да се предвиди и изработи програма за автоматска распределба на оставинските предмети, за да може нотарите надлежни за подрачјето на Основниот суд во Охрид да се внесат во истата и предметите да се распределуваат преку овој систем.***

***Се препорачува зголемен надзор над работата на нотарите во врска со оставинските предмети пред се со цел да не се создава заостаток на нерешени оставински предмети.***

Надзорната комисија ја побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Надзорната комисија беше информирана, дека Работно тело за управување со движењето на предметите во Основниот суд во Охрид е формирано со Одлука за формирање Работно тело за управување со движење на предметите во Основниот суд Охрид СУ.бр.03-226/14 од 17.04.2014 година. Наведената одлука е изготвена и заведена во АКМИС-от.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

На увид на Надзорната комисија и беа доставени Годишни планови за управување со движењето на предметите во судот заведени како СУ-07.бр.14/17 од 09.02.2017 година, СУ-07.бр.7/18 од 20.02.2018 година и СУ-07.бр.7/19 од 20.02.2019 година. Наведените акти се изготвени и заведени во АКМИС системот.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседателот редовно врши надзор над навремено извршување на работите во судот, но не се изготуваат службени белешки.

***ПРЕПОРАКА: соодветно да се следи постапката за надзор предвидена во член 17 од Судскиот деловник.***

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд во Струга за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија беше известена, дека Апелациониот суд Битола секоја година врши посета и надзор над работата на Основниот суд Охрид. Надзорната комисија изврши увид во Извештаи на Апелациониот суд Битола СУбр.03-148/17 од 22.06.2017 година од каде се констатираше, дека на 07.04.2017 година и на 21.04.2017 година повисокиот суд извршил работни посети на Основниот суд во Охрид за прво полугодие на 2017 година. Од извршениот увид во Извештаи од работни посети СУ бр.03-15/18 од 23.01.2018 година се констатира, дека повисокиот суд извршил работни посети во Основниот суд Охрид за второ полугодие на 2017 година на ден 03.11.2017 година и на 10.11.2017 година. Од извршениот увид во Извештајот за состојбата со примена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник Су-03-288/17 од 18.12.2017 година се констатира, дека на ден 18.12.2017 година Апелациониот суд Битола извршил надзор над работата на Основниот суд во Охрид во однос на примената на Законот за управување со


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

движење на предметите во судовите и Судскиот деловник. Во текот на 2018 година Апелациониот суд Битола извршил работни посети во Основниот суд Охрид во текот на месец ноември 2018 година видно од Извештаи од работни посети СУ бр.03-230/18-1 од 14.01.2019 година. Од извршениот увид во Извештајот за состојбата со примена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник Су-02-57/18 од 03.12.2018 година се констатира, дека на ден 11.05.2018 година Апелациониот суд Битола извршил надзор над работата на Основниот суд во Охрид во однос на примената на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник. Од извршениот увид во Извештајот за состојбата со примена на Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник Су-02-63/19 од 10.07.2019 година се констатира, дека на ден 12.11.2018 година Апелациониот суд Битола извршил надзор над работата на Основниот суд во Охрид во однос на примената на Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник.

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Претседателот на судот информираше, дека одржува седници на судии секој месец. На увид беа приложени Записници од одржани седници на судии кои не беа целосно комплетирани со податоци. Записниците не се заведени и изготвени во АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Записниците ссодветно да се подготвуваат со целосно комплетирани податоци и истите да се заведуваат во АКМИС, како што е предвидено во Судскиот деловник.***

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење во АКМИС на вработените врши информатичарот во судот. Беше истакнато, дека во судот нема организирана и систематска обука на вработените за работење во АКМИС. Недостасува и стручна обука за информатичарот во судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и обука за другите вработени во судовите, како и поголема ангажираност на вработените за целосна употреба на АКМИС-от.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Во судот има судски администратор. Надзорната комисија изврши разговор со судскиот администратор кој беше присутен во текот на надзорот.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека е изготвен список на корисници на АКМИС системот. Од извршениот увид во списокот се констатира дека истиот е потребно да се дополни, од причина што во истиот не се внесени кориснички привилегии и е потребно истиот да се заведе во АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи потребно е да се дополни, односно да се внесат кориснички привилегии и истиот да се заведе во АКМИС.***

**9. Достава на Извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

Надзорната комисија беше информирана, дека посебен извештај за реализација на програмата за работа не се доставува до Судскиот совет.

***ПРЕПОРАКА: Да се постапи по задолжението за доставување на Извештај за реализација на програмата за работа до Судски совет.***

**10. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети (174 СД))**

Надзорната комисија беше известена, дека внатрешни процедури за управување со движење на предметите се донесени и на увид беа доставени 3 акти


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

кои се однесуваат на контролираниот период СУ бр.03-3/17 од 03.01.2017 година, СУ бр.03-09/18 од 16.01.2018 година и СУ бр.03-7/19 од 11.01.2019 година.

Од горechспоменатите акти се утврди дека во Основниот суд во Охрид постојат внатрешни процедури за прием и отварање на писмена, работа на судски писарници, работа на судии, достава, повикување на судии-поротници, вештаци, толкувачи, преведувачи и проценители, состојба со предмети дадени вештачење, постапување по предмети од меѓународна правна помош, состојбата со функционирањето на автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС), обновување на предмети и списи, архивирање на предметите, состојбите со наплатувањето на судските такси, извршување на кривични и прекршочни одлуки, ажурно водење на казнена евиденција на прекршочни санкции.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот и видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: Кривичен и граѓански оддел. Во двата оддели работат сите 14 (четиринаесет) судии, вклучително и претседателот.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана, дека не е формиран оддел за судска практика, заради недостиг на судии.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред на Основниот суд Охрид за 2017 година е донесен на ден 26.12.2016 година и тоа во рамките на Распоред за работа на Основниот суд Охрид за 2017 година заведен како СУбр.03-372/16. Распоредот е дополнуван седумнаесет пати со Одлуки за дополнување на Распоредот за работа на Основниот суд во Охрид

Су.бр.03-372/16, Су.бр.03-372/16-1, Су.бр.03-372/16-2, Су.бр.03-372/16-3, Су.бр.03-372/16-4, Су.бр.03-372/16-5, Су.бр.03-372/16-6, Су.бр.03-372/16-7, Су.бр.03-372/16-8, Су.бр.03-372/16-9, Су.бр.03-372/16-10, Су.бр.03-372/16-11, Су.бр.03-372/16-12, Су.бр.03-372/16-13, Су.бр.03-372/16-14 Су.бр.03-372/16-15 и Су.бр.03-372/16-16.

Годишниот распоред на Основниот суд Охрид за 2018 година е донесен на ден 26.12.2017 година и тоа во рамките на Распоред за работа на Основниот суд Струга за 2018 година заведен како СУбр.03-273/17. Распоредот е менуван и дополнуван шест пати со Одлуки за дополнување на Распоредот за работа на Основниот суд во Охрид Су.бр.03-21/18, Су бр.03-273/17-1, Су.бр.03-273/17-2, Су.бр.03-273/17-6, Су.бр.03-273/17-7, Су.бр.03-273/17-8 и Су.бр.03-273/17-9.

Годишниот распоред на Основниот суд Охрид за 2019 година е донесен на ден 26.12.2018 година и тоа во рамките на Распоред за работата на Основниот суд Охрид за 2019 година заведен како СУбр.03-267/18. Распоредот е еднаш менуван и дополнуван со Одлука Су.бр.03-267/18-1 од 27.12.2018 година.

Надзорната комисија со увид во записници од одржани судски колегиуми констатираше, дека одлуките за менување на годишниот распоред се донесени врз основа на мислењето на судиите прибавено на судски колегиуми.

Гореспоменатите акти Распоред за работата на Основниот суд Охрид-за 2017, 2018 и 2019 година се уредно изготвени и заведени во АКМИС.

## 14. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)

Претседателот на судот информираше, дека распоредите и времетраењето на дежурствата во судот се изработуваат на месечно ниво и истите ги доставуваат во Јавното обвинителство, судската полиција и Министерството за внатрешни работи за дежурствата на судиите. Претседателот на судот исто така наведе, дека дактилографите имаат дежурства заедно со судиите, како и дека предметите добиваат број, а утредента се заведуваат во АКМИС. Распоредите за дежурствата во судот се внесени во АКМИС. На Надзорната комисија ѝ беа доставени на увид Месечни распореди за дежурство на судии во Основниот суд Охрид поединечно за контролираниот период СУ.бр.03-364/16 од 19.01.2017 година, СУ.бр.03-18/17 од 24.02.2017 година, СУ.бр.03-58/17 од 24.03.2017 година, СУ.бр.03-78/17 од 21.03.2017 година, СУ.бр.03-109/17 од 21.04.2017 година, СУ.бр.03-127/17 од 22.05.2017 година,

СУ.бр.03-146/17 од 19.06.2017 година, СУ.бр.03-146/17-1 од 19.06.2017 година, СУ бр.03-173/17 од 08.08.2017 година, СУ.бр.03-200/17 од 21.09.2017 година, СУ.бр.03-226/17 од 24.11.2017 година, СУ.бр.03-250/17 од 20.12.2017 година, СУ.бр.03-266/17 од 19.12.2017 година, СУ.бр.03-8/18 од 15.01.2018 година, СУ.бр.03-46/18 од 16.02.2018 година, СУ.бр.03-74/18 од 20.04.2018 година, СУ.бр.03-102/18 од 23.04.2018 година, СУ.бр.03-118/18 од 17.05.2018 година, СУ.бр.03-140/18 од 20.06.2018 година, СУ.бр.03-140/18-1 од 20.06.2018 година, СУ.бр.03-160/18 од 03.08.2018 година, СУ.бр.03-188/18 од 20.09.2018 година, СУ.бр.03-214/18 од 24.10.2018 година, СУ.бр.03-238/18 од 19.11.2018 година, СУ.бр.03-263/18 од 18.12.2018 година, СУ.бр.03-20/19 од 21.01.2019 година, СУ.бр.03-44/19 од 12.02.2019 година, СУ.бр.03-72/19 од 21.03.2019 година, СУ.бр.03-90/19 од 17.04.2019 година, СУ.бр.03-104/19 од 14.05.2019 година, СУ.бр.03-121/19 од 04.06.2019 година, СУ.бр.03-121/19-1 од 18.06.2018 година, СУ.бр.03-155/19 од 15.08.2019 година, СУ.бр.03-189/19 од 23.09.2019 година и Су.бр.03-235/19 од 22.10.2019 година.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот има простории само за адвокати. На влезот на зградата на судот јасно стојат табли, дека во зградата е сместено Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство. Надзорната комисија беше информирана дека целокупното одржување и тековните трошоци се на товар на Основниот суд.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита можноста Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство да се преместат на друга локација, со оглед дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката.***

***Во меѓувреме, Основното јавно обвинителство Охрид и Државното Правобранителство во Охрид соодветно да учествуваат во покривање на тековните трошоци.***

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот на судот ја информираше Комисијата, дека е формирана Канцеларија за односи со јавност, а портпарол на судот е судијата Вулнет Винца. Во канцеларијата за односи со јавност не е побаран анонимизиран примерок од судска одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена, дека во судот е вработен еден информатичар кој е задолжен за АКМИС-от, но не е донесена официјална одлука за администратор на АКМИС системот.

***ПРЕПОРАКА: Формално да се овласти администратор на АКМИС, согласно член 89 од Судскиот деловник кој ќе ги преземе обврските согласно закон и Судскиот деловник.***

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

Во случаите на исклучување на судија од распределба на предметите донесени се формални одлуки за исклучување на судија (СУ.бр.03-194/18, СУ бр.03-123/19). Исклучување на судија од автоматска распределба на предметите е извршено и поради суспензија и времено отстранување од работа на судија. Сите одлуки се донесени согласно Годишниот распоред за работа на судот. За време на одмор не се исклучуваат судии од автоматска распределба, додека за отсуство поголемо од 5 (пет) дена или боледување се исклучуваат.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

На членовите на надзорната комисија им беа доставени на увид месечните извештаи на Работното тело од кои беше констатирано дека истите се доставуваат до претседателот на судот редовно (СУ-07 бр.7/2017 од 14.02.2017 година, СУ-07 бр.10/2017 од 13.03.2017 година, СУ-07 бр.16/2017 од 13.04.2017 година, СУ-07 бр.18/2017 од 12.05.2017 година, СУ-07 бр.31/2017 од 15.06.2017 година, СУ-07 бр.45/2017 од 12.07.2017 година, СУ-07 бр.40/2017 од 14.09.2017 година, СУ-07 бр.44/2017 од 24.10.2017 година, СУ-07 бр.47/2017 15.11.2017 година, СУ-07 бр.53/2017 од 14.12.2017 година, СУ-07 бр.4/2018 од 12.01.2017 година, СУ-07 бр.5/2018 од 15.02.2018 година, СУ-07 бр.13/2018 од 14.03.2018 година, СУ-07 бр.17/2018 од 12.04.2018 година, СУ-07 бр.21/2018 од 14.05.2018 година, СУ-07 бр.30/2018 од 13.06.2018 година, СУ-07 бр.39/2018 од 12.07.2018 година, СУ-07 бр.43/2018 од 12.09.2018 година, СУ-07 бр.47/2018 од 12.10.2018 година, СУ-07 бр.52/2018 од 13.11.2018 година, СУ-07 бр.57/2018 од 13.12.2018 година, СУ-07 бр.6/2019 од 18.01.2019 година, СУ-07 бр.50/2018 од 15.10.2019 година, СУ-07 бр.39/2018 од 04.09.2019 година, СУ-07 бр.35/2019 од 16.07.2019 година, СУ-07 бр.34/2019 од 11.06.2019 година, СУ-07 бр./2019 од 14.05.2019 година, СУ-07 бр.21/2019 од 12.04.2019 година, СУ-07 бр.16/2019 од 14.03.2019 година и СУ-07 бр.9/2019 од 13.02.2019 година). Месечните извештаи на Работното тело во судот се доставуваат на увид до Апелациониот суд Битола.

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија изврши увид во одлуките за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија. Во диспозитивот на решенијата за изземање на судија (СУ-ИЗЗ-1/17, СУ-ИЗЗ-2/17, СУ-ИЗЗ-3/17, СУ-ИЗЗ-8/18, СУ-ИЗЗ-22/18, СУ-ИЗЗ-108/19, СУ-ИЗЗ-92/19, СУ-ИЗЗ-163/19 ) се наведува дека предметите се доделуваат со автоматска прераспределба на друг судија од соодветниот оддел.

*Се констатираше дека, одлуките се соодветно образложени, редовно се заведуваат во уписникот СУ-ИЗЗ, а решенијата се изготвуваат во АКМИС.*

Надзорната комисија изврши увид во одлуките за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија. Во диспозитивот на решенијата од 2019 година (СУ.бр.03-40/19 од 07.02.2019 година, СУ бр.03-123/19 од

20.06.2019 година, СУ бр.03-213/19 од 10.10.2019 година, СУ бр.03-213/19 од 14.10.2019 година) се наведува на кој судија се доделуваат предметите.

## 22. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година (член 115 СД)

Надзорната комисија констатира дека се носат планови за годишен одмор за судиите. На увид на Надзорната комисија беше доставен Распоред за дежурства на судиите за периодот од 15.07.2017 година до 31.08.2017 година СУ.бр.03-146/17-2 од 19.06.2017 година, Распоред за дежурства на судиите за периодот од 15.07.2018 година до 31.08.2018 година СУ.бр.03-140/18-2 од 20.06.2018 година и Распоред за дежурства на судиите за периодот од 15.07.2019 година до 30.08.2019 година СУ.бр.03-121/19-2 од 05.07.2019 година.

## 23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2017, 2018 и 2019 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија, и тоа: кривичен совет (КС; КП; УО), овластено следење комуникации (УОСК), заверки (ЗАВ, ЗАВ-Х, ЗАВ-С), замолници (ЗАМ-С), стечај (СТ), работни односи (РО), кривично разно (КР), прекршоци разно (ПРК-Р).

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предметите од уписници за кои е доделен само еден судија.

***ПРЕПОРАКА: Предметите во сите уписници да се заведуваат редовно во рамки на законски предвидените рокови, сите акти да се изготвуваат со користење на АКМИС и да се внимава внесените податоци да бидат целосни и точни.***

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија, дека предметите во стечајните постапки и постапките од работни односи, каде со годишниот распоред е определено да постапува само еден судија, се доделуваат во работа автоматски преку АКМИС.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд во Охрид. Претседателот на судот истакна, дека во судот има доволен број на персонални компјутери за сите вработени, како и печатари и скенери. Потребно е да се надгради оперативниот систем на мал број на персонални компјутери, кои сеуште функционираат со оперативен систем Windows XP. Серверот во судот е од 2010 година. Беше нагласено дека прават дневен бекап на податоците.

Судот располага со четири судници за тонско снимање. Во 2017 година извршени се 2133 тонски снимања, во 2018 година 1800, а во 2019 година 1160, односно вкупно 5093 тонски снимања за контролираниот период.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверот за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от, системот за електронска достава, скенирањето на влезните документи, тонското снимање на рочиштата во граѓанската област, казнената евиденција и сл. Да се набават нови сервери за судовите во РСМ се со цел нормално функционирање на АКМИС-от и останатите ИКТ услуги воведени во судовите.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана, дека се врши скенирање на сите поднесоци. Скенираните документи се чуваат на две места, со што се зафаќа многу


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

простор. Основниот суд во Охрид врши електронска достава, месечно во просек околу 530 достави во граѓанскиот и кривичниот оддел.

*ПРЕПОРАКА: Да се планира набавка на нови скенери соодветно димензионирани (брзина, капацитет) согласно обемот на влезни документи кои е потребно да се скенираат.*

**27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.30 часот. Распределбата и прераспределбата ја вршат водителите на уписник, по еден водител на уписник во секој оддел. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

**28. Број на објавени анонимизирани судски одлуки на судскиот веб портал во однос на вкупниот број одлуки донесени во судот**

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал. Стручните соработници го вршат анонимизирањето на одлуките и истите ги објавуваат. Бројот на анонимизирани одлуки објавени на веб-порталот на судот за 2017 година е 3907, за 2018 година е 1878 и за 2019 година 1578 анонимизирани одлуки, до моментот на надзорот.

**29. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно, истиот најдоцна наредниот работен ден. Беше истакнато дека нема застој во движењето на предметите во судот.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Охрид нема уписник во хартиена форма, односно сите уписници се водат електронски.
Увидот заврши на ден 13.12.2019 година во 17 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk